Во рамките на остварената соработка помеѓу Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство-Скопје при Универитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Бостон Универзитетот и Министерството за образование и наука, со поддршка од Владата од Република Македонија, ФИНКИ на своите студенти им нуди можност да поминат еден семестар на Бостон Универзитетот. Врз основа на договорот за соработка потпишан помеѓу наведените инситуции се распишува Конкурс за избор на:

**5 студенти стипендисти на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство-Скопје**

Условите за аплицирање за програмата **Undergraduate MET International Partnership** се дадени тука:

1. Доказ за англиски јазик:
   - TOEFL (paper-based): 560 - a minimum of 56 score for the 3 components: Writing, Listening and Reading
   - TOEFL IBT: Total Score of 84 - Reading 21, Listening 18, Speaking 23, and Writing 22 (Boston University - MET International Partnership Program TOEFL code: 8675, Dept. code 99) (
   - IELTS: 7 - of the 4 sub scores, no more than 2 sub scores may be lower than 7 and no sub scores may be lower than 6.5
2. Целосно завршена минимум една година од додипломски студии на ФИНКИ
3. Просек од 8,5 или повисок.
4. Доказ за здравствената состојба на апликантот, односно да не е заболен од: мали сипаници, заушки, рубеола (МПР), тетанус-дифтерија-пертусис (Tdap), и хепатитис-Б или пак доказ дека има примено вакцини за заштита од овие болести. Ова треба да биде приложено заедно со апликацијата.

Условите за аплицирање за програмата **Graduate MET International Partnership** Program се дадени тука:

1. Апликантот се има здобиено со 240 ЕКТС или завршено соодветен број на години еквивалентно на 240 ЕКТС, пред почетокот на програмата;
2. Се препорачува да има просек од 8,5 или повисок;
3. Доказ за познавање на англиски јазик:
   - TOEFL (paper-based): 560 - a minimum of 56 score for the 3 components: Writing, Listening and Reading
   - TOEFL IBT: Total Score of 84 - Reading 21, Listening 18, Speaking 23, and Writing 22
   - (Boston University - MET International Partnership Program TOEFL code: 8675, Dept. code 99)
   - IELTS: 7 - of the 4 sub scores, no more than 2 sub scores may be lower than 7 and no sub scores may be lower than 6.5;

4. Доказ за здравствената состојба на студентот кој аплицира, односно да не е заболен од: мали сипаници, заушки, рубеола (МПР), тетанус-дифтерија-пертусис (Tdap), и хепатитис-Б или пак доказ дека има примено вакцини за заштита од овие болести. Ова треба да биде приложено заедно со апликацијата.

Своите апликации студентите најпрво треба да ги испратат на следнава адреса: Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, ул. Руѓер Бошковиќ бр. 16, Скопје

Со цел да се направи прелиминарна селекција на кандидатите за **Undergraduate MET International Partnership**, покрај документите кои се дефинирани погоре, потребно е да бидат доставени и следните на истата адреса:
-Кратка биографија
-Уверение за положени испити;
-Листа на објавени трудови и прилог од трудовите;
-Сертификати од освоени награди на натпревари додека биле студенти на ФИНКИ.

Додека пак за да се направи прелиминарна селекција на кандидатите од **Graduate MET Interantional Partnership** покрај документите кои се дефинирани погоре, потребно е да бидат доставени и следните на истата адреса:
-Кратка биографија;
-Мотивационо писмо;
-Писмо за препорака;
-Уверение за дипломиран и уверение за положени испити;
-Листа на објавени трудови и прилог од трудовите;
-Сертификати од освоени награди на натпревари додека биле студенти на ФИНКИ

Врз основа на првичната селекција ќе биде направена прелиминарната ранг листа врз основа на следниве параметри:
-Просек;
-Број на положени испити;
-Научно истражувачка работа;
-Освоени награди на натпревари додека биле студенти на ФИНКИ.

Откако ќе биде извршено прелиминарно рангирање кандидатите кои ќе поминат во првиот круг ќе треба да ги достават и следните документи на истата адреса:
- Комплетен формулар за апликација-A completed Application Form
-Академски водич и формулар за регистрација-Academic Advisor & Registration Form
-Меѓународен формулар за студенти-International Student Data Form
-Финансиска состојба и писмо за подршка (Го издава МОН)-Financial statement and Affidavit of Support.

А воедно и официјално да аплицираат на следниов линк: http://www.bu.edu/metinternational/application/

Министерството за образование и наука со поддршка од Владата на Република Македонија ќе ја покрие уписнината за соодветниот семестар, сместувањето во Кампусот на Бостон Универзитетот, повратен патен билет, одреден месечен надомест за време на престојот.

Сите останати трошоци кои би произлегле од престојот на студентот на Бостон Универзитетот паѓаат на трошок на студентот.

Контакт лице: Валентина Димитрова
e mail: valentina.dimitrova@finki.ukim.mk

ВАЖНА НАПОМЕНА: Финалната селекција за прифаќање на одреден кандидат ќе биде направена од страна на Бостон Универзитетот согласно нивните интерни правила.

**Краен рок за доставување на документите на адресата наведена погоре е 10 мај 2013 год., а рокот за аплицирање во Бостон Универзитетот е 15 мај 2013 год.**

Во рамките на оваа соработка ќе бидат финансирани вкупно 5 (пет) стипендии поделени во два рока. Едниот за зимскиот семестар во учебната 2013/2014 година и вториот за летниот семестар за учебната 2013/2014 година.

Студентите-стипендисти по завршување на семестарор на Бостон Универзитетот имаат обврска задолжително да се вратат на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство-Скопје.